Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 21.12.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 67 | 328/2023 | | |

328/16

Арх.бр. 15-6928/2

Дата: 13. 12. 2023

До: Министерство за транспорт и врски
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 67-328/15 од 01.12.2023 година

Почитувани,

Во врска Ваше барање на Мислење бр. 67-328/15 од 01.12.2023 година доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под арх. бр. 15-6928/1 од 06.12.2023 год., во однос на доставениот Финален Извештај за Стратегиска оцена на животната средина бр. 0302-106/1 од 27.11.2023 год., за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW), КО Душегубица и КО Добреноец, - Општина Кичево, Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по истиот го дава следното:

## М И С Л Е Њ Е

Финален Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW), КО Душегубица и КО Добреноец, - Општина Кичево, е изработен согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина обезбедува детални информации за резултатите од СОЖС, вклучувајќи информации за аспектите кои биле предмет на оцена, како и очекуваните влијанија (позитивни и негативни) врз животна средина и социјалните аспекти од имплементација на планскиот документ. Извештајот идентификува и активности за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителни негативни влијаниа за аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планската документација како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планскиот документ.

Се овозможува следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти со цел одговорните власти да преземат мерки за намалување на негативните влијанија и подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.

Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на планскиот документот кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Во контекст на понапред изнесеното, Ве информираме дека доставениот Финален Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW), КО Душегубица и КО Добреноец, - Општина Кичево, врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање го прифаќа и нема забелешки по содржината и обемот на документот.

Со почит,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

2. Март

Согласен: Државен секретар,
Неби Реџепи


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk